АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември "
ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2
1000 Скопје

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 03-238/2
26.10. 2021 год.
СКОПЈЕ

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

Врз основа на член 19 од Законот за поштенските услуги и Одлуката за распишување награден конкурс за истражувачки труд од областа на поштенските услуги во Република Северна Македонија бр.03-238/1 од 26.10.2021 година, а во согласност со Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2021 година 01-250/5 од 20.11.2020 година, директорката на Агенцијата за пошти на 26.10.2021 година донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Комисија за избор на најдобар труд

**член 1**

**Се формира Комисија за избор на најдобар труд по** наградниот конкурс за истражувачки труд од областа на поштенските услуги во Република Северна Македонија, на тема „Развојот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија", во состав:

1. **Суад Бајрами**, Заменик претседател на Комисија на Агенцијата за пошти;
2. **Ана Ковачевска**, Раководител на директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста во Агенцијата за пошти;
3. **Данијела Спасиќ Томовска**, Раководител на директоратот за следење и анализа на пазарот во Агенцијата за пошти;
4. **Кире Коцевски**, Државен советник за односи со јавноста во Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија,
5. **Татјана Тасевска**, Правен советник во Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**член 2**

Комисијата за избор на најдобар труд од членот 1 од оваа Одлука работи самостојно, стручно и независно, со почитување на правилата на конкурсот.

Комисијата за избор на најдобар труд ја организира својата работа ефективно и ефикасно, има за задача да ги прегледа сите пристигнати трудови, да изврши избор на најдобриот истражувачки труд и истиот да го предложи на директорката на Агенцијата за пошти за наградување.

**член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
**Директорка**
Билјана Аврамоска-Ѓореска